## Стратегија за локален економски развој 2024-2028

# ОПШТИНА ЧАШКА

***Општина Чашка е препознатлива по својот одржлив економски развој, со фокус на производство на здрава храна, планински-рурален туризам и заштита на животната средина***



**Декември 2024 година**

# Содржина

Предговор од градоначалникот ... 3

1.Извршно резиме ... 4

2. Листа на кратенки ... 5

3.Вовед во стратегијата ... 6

4.Процес на изработка на стратегијата за локален економски развој ... 7

5.Локална економска анализа ... 8

- 5.1 Анализа на локалната економска структура ... 8
- 5.2 Локална соработка и вмрежување ... 12
- 5.3 Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција ... 12
- 5.4 Пристап до финансии ... 14
- 5.5 Земјиште и инфраструктура ... 15
- 5.6 Регулаторна и институционална рамка ... 16
- 5.7 Вештини, човечки ресурси, инклузивност ... 17
- 5.8 Надворешно позиционирање и маркетинг ... 17

6. SWOT Анализа ... 18

7. Визија и стратешки цели ... 21

8. Акциски план ... 22

9. Шема на финансирање ... 27

# Предговор од градоначалникот



Локалната самоуправа согласно својата надлежност имаат улога да го водат и спроведуваат локалниот економски развој и затоа пристапивме кон давање на насоки и приоритети за подобрување на квалитетот на живеење во Општина Чашка .

Стратегијата за локален економски развој на Општина Чашка за период 2024- 2028 година претставува правец за рамномерен развој на Општина Чашка.

Со вложување и придонесување кон одржлив развој економски развој, со фокус на производство на здрава храна, планински рурален туризам и заштита на животната средина се со цел до остварување на резултати.

Овој стратешки документ е основа, база за искористување на можностите, средства од домашни и странски донатори со цел обезбедување на поддршка за подобрување на квалитетот на живот во Општина Чашка.

Градоначалник на Општина Чашка
Горан Стојановски

# 1.Извршно резиме

Општина Чашка е една од општините кои се вклучени во третата група локални самоуправи во кои се спроведува проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“, под покровителство на УСАИД. Една од активностите при имплементацијата на овој проект е токму поддршката при изготвувањето или ажурирањето на Плановите / Стратегиите за локален економски развој.

Стратегијата за ЛЕР на Општина Чашка се однесува на четиригодишниот период т.е 2024 – 2028 година и е самостоен стратешки документ кој е насочен кон локален економски развој на општината, а истиот е изработен од Општина Чашка, одделението за локален економски развој и јавни дејности како и одделение за урбанизам, заштита на животна средина и енергетска ефикасност во соработка со претставници од НВО и бизнис секторот.

Во процесот на изработка на Стратегијата за локален економски развој направена е анализа на локалната економија и изготвена е SWOT анализа на општината, дефинирана е визијата, стратешките цели од кои произлезе и акциониот план со предложени активности.

Визијата која сакаме да ја исполниме ќе се оствари преку поставените стратешки цели кои произлегуваат од реалната ситуација, можностите и ресурсите кои ги нуди Општина Чашка, акциониот план со предложени активности но секако и од направената SWOT анализа.

Изработувајќи ја SWOT анализата утврдивме дека она што треба да се искористи и максимално да се стави во функција на локалениот економски развој на Општина Чашка е иобилството со природни ресурси со кои располагаме, а се клучни не само за нашиот регион туку воопшто и за целата наша држава. Најголеми недостатоци кои ги има општината се недоволно квалификуван кадар заспроведување на стратешките цели.

Визијата на општина Чашка е да прерасне во препознатлива по својот одржлив економски развој, со фокус на производство на здрава храна, планински-рурален туризам и заштита на животната средина

Визијата во наредниот плански период планирано е да се оствари преку трите стратешки цели:

1. Развој на земјоделско производство
2. Развој на планински-рурален туризам
3. Заштита на животната средина

За секоја од овие цели дефинирани се конкретни активности за кои во најголем дел се обезбедени средства од страна на самата општина, а за останатите ќе се аплицира кај националните фондови за развој или кај меѓународни донаторски организации, кои стимулираат локален економски развој.

# 2. Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| **ЛЕР** | Локален економски развој |
| **УСАИД** | Американска агенција за меѓународен развој |
| **МСП** | Мали и средни претпријатија |
| **SWOT** | S – strength (предности)<br>W – weaknesses (слабости)<br>O – opportunities (можности) и<br>T – threats (закани) |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ЛАГ** | Локална акциона група |
| **НВО** | Невладини организации |
| **ЗГ** | Здружение на граѓани |
| **АВРСМ** | Агенција за вработувањена Република Северна Македонија |
| **БДП** | Бруто домашен производ |
| **ИПАРД** | Програмана за претпристапна помош во земјоделството и руралниот развој |
| **ИПА ЦБЦ** | Програма за прекугранична соработка |
| **АФПЗРР** | Агенција за финансиска поддршка на земјоделството ируралниот развој |
| **БРР** | Биро за регионален развој |
| **ЦРППР** | Центар за развој на пелагониски плански регион |

# 3.Вовед во стратегијата

Локалниот економски развој во општина Чашка игра клучна улога во нејзиниот севкупен напредок. Во последните години, општината бележи значителни промени, кои се особено видливи по процесот на децентрализација и преносот на надлежности од централната власт кон локалните власти. Оваа трансформација има за цел да ја зголеми ефикасноста на локалните институции и да обезбеди подобри услови за живот на граѓаните, со акцент на унапредување на јавните услуги на локално ниво. Главната цел на овие реформи е создавање на просперитетна и инклузивна заедница.

Концептот на локален економски развој е комплексен и вклучува различни активности и стратегии што општината треба да ги имплементира за да го стимулира економскиот раст. Се смета дека успешната реализација на овој концепт е неопходна за создавање на поволна клима за деловни активности и инвестирање, што ќе ја поттикне економската активност и конкурентноста на општината. Од клучно значење е да се има ажуриран и функционален План или Стратегија за локален економски развој, кој ќе биде основа за побрз економски раст и ефикасно поврзување на чинителите во локалната економија.

Општина Чашка, како и секоја друга општина, има потреба од стратегија што ќе ги интегрира сите важни аспекти на развојот, вклучувајќи го разумното искористување на природните ресурси, со цел да се постигне одржлив економски развој без да се наруши животната средина. Овој документ треба да се усогласува со стратешките цели на државно ниво, но и да ги поттикне локалните ресурси да играат важна улога во развојот на територијата.

Во процесот на изработка на новата стратегија за периодот 2024-2028 година, општина Чашка ја вклучуваше и локалната заедница, невладините организации и бизнис секторот, со што се обезбедува инклузивен процес на донесување одлуки. Оваа методологија е

важна за поголема транспарентност и отчетност на локалните самоуправи и институции, како и за поттикнување на поголема одговорност на жителите на општината.

Со оваа стратегија, општина Чашка има потенцијал да создаде основи за одржлив развој и да постигне економски напредок и благосостојба за сите нејзини граѓани. Со стратегиски планирани чекори и со соработка на сите нивоа, Чашка може да се позиционира како лидер во локалниот економски развој и да создаде подобри услови за живот на своите жители.

# 4.Процес на изработка на стратегијата за локален економски развој

Стратегијата за локален економски развој (ЛЕР) на Општина Чашка е изготвена врз основа на методологијата развиена од проектот "Градоначалници за економски раст" (M4EG), финансиран од Европската унија и спроведен во различни земји, вклучувајќи Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Грузија, Молдавија и Украина. Оваа методологија е дизајнирана да се справи со специфичните предизвици на локалните економии и да понуди структурирани решенија за нивно надминување.

Главните карактеристики на методологијата вклучуваат неколку клучни структурни елементи кои се основа за анализа и развој на локалната економија:

- Локална соработка и вмрежување: Оваа компонента е основа за изградба на силни односи помеѓу различните актери во економијата, вклучувајќи бизниси, локални власти и граѓански организации. Активната соработка е неопходна за ефективна имплементација на развојните иницијативи и за максимално искористување на ресурсите.
- Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција: Оваа компонента ја истакнува важноста на создавање поволно бизнис опкружување кое е ослободено од корупција. Транспарентноста во административните процеси е клучна за зголемување на довербата на бизнис секторот.
- Пристап до финансии: Обезбедувањето на достапни финансиски средства за локалните бизниси е од витално значење за нивниот раст и развој. Ова вклучува пронаоѓање алтернативи за финансирање, како што се грантови и кредити, кои можат да ги поддржат проектите на претприемачите.
- Земјиште и инфраструктура: Подобрувањето на инфраструктурата и правилното управување со земјиштето создаваат услови за развој на нови бизниси и привлекување на инвестиции.
- Регулаторна и институционална рамка: Оваа компонента вклучува правните и институционалните механизми кои влијаат на работата на бизнисите. Зајакнувањето на овие структури е клучно за успешна реализација на економските стратегии.

- Вештини, човечки ресурси и инклузивност: Развојот на човечките ресурси и вештини е од суштинско значење за економскиот раст. Ова вклучува обуки и образовни програми за поддршка на локалната работна сила.
- Надворешно позиционирање и маркетинг: Стратегиите за промоција на локалната економија, култура и природни ресурси се важен аспект за привлекување на инвестиции и туризам.

Друга особина на оваа методологија е акцентот на активно учество на засегнатите страни, што ја поткрепува идејата за инклузивен развој. Методологијата е насочена кон изработка на документ кој фокусира на економскиот развој, без целосно опфаќање на културата, здравството, социјалата и други аспекти на развојот. Ова подразбира фокусирање на конкретни економски иницијативи и проекти.

Методологијата предвидува изработка на јасен, концизен и практичен документ во кој се дефинирани реални и изводливи активности. Овие активности треба да придонесат за остварување на целите и визијата на општина Чашка.

Подготовката на Стратегија за локален економски развој на Општина Чашка за периодот 2024–2028 година вклучуваше четири дводневни работилници организирани од УСАИД во периодот 2023–2024 година. На овие работилници, учесниците работеле на изработка на прирачници, прибирање податоци за локалната економија, финансиски средства, стратегиски цели и приоритети, како и подготовка на SWOT анализа и акционен план.

Во подготовка на стратегијата активно и стручно учество земаа претставниците од локалната самоуправа и тоа Горанчо Игнов, раководител на одделение за урбанизам, заштита на животна средина и енергетска ефикасност и Лидија Пљакова, советник за аналитика и подготовка на проектни апликации во руралниот развој.

Иако бизнис заедницата беше повикана активно да учествува со свои предлози и видувања, интересот од нивна страна не беше на очекуваното ниво. Оваа ситуација укажува на потребата за дополнителна работа во создавање свест за важноста на локалниот економски развој и активната улога што бизнис секторот може да ја игра во процесот на одлучување и имплементација.

# 5.Локална економска анализа

## 5.1 Анализа на локалната економска структура

Општина Чашка се наоѓа во централниот дел на Република Северна Македонија, со с.Долно Врановци како географски центар. Административен центар на општината е нас.Чашка каде е сместена Општина Чашка.Адмиинистративниот центар на Општина Чашка е одалечен 66км или 1час возење од главниот град на државата, од најблискиот аеродром е одалечен 50км или 50мин возење а 16км од најблискиот поголем град, градот Велес. Врската до Скопје и Велес е овозможена преку прилично добра асфалтна патна мрежа и железничка пруга. Една четвртина од населените места во Општина Чашка се директно поврзани со железничка пруга.



Слика 1. Локација на Општина Чашка на мапата на РСМ

Вкупниот број на жители во општината според последниот официјален попис од 2021 година изнесува 7.942 жители, од кои, од кои 6995 се на возраст над 15 години.

Процентот на население според работоспособна возраст (вкупно и поделено на машки/женски) е прикажан во продолжение табеларно и графички.

Табела 1. Процентот на население според работоспособна возраст

| Старосна група | 15-19 | 20-24 | 25-29 | 30-34 | 35-39 | 40-44 | 45-49 | 50-54 | 55-59 | 60-64 | 65+ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мажи | 273 | 273 | 268 | 271 | 244 | 248 | 233 | 229 | 208 | 197 | 590 |
| Жени | 268 | 229 | 243 | 259 | 240 | | 226 | 217 | 198 | 209 | 589 |
| Вкупно | 541 | 502 | 511 | 530 | 484 | 474 | 450 | 427 | 391 | 406 | 1179 |






Општина Чашка се карактеризира со развиена земјоделска активност, особено во производството на житни култури, овошје и зеленчук. Во последните години, општината активно работи на диверзификација на економијата преку поттикнување на претприемништвото и привлекување на нови инвестиции. Локалната економија е препознаена по висококвалитетен тутун, ориз, минерални суровини-кварц, високо квалитетна глина за производство на керамички блокови, квалитено млеко, производство на јагнешко и свинско месо, шумски фонд и сл.

Секторот земјоделие (тутуно производство, лозарство), сточарство (изразито крупен добиток е во брзо опаѓање) се во брзо и загрижувачко опаѓање, додека присутен е забележителен пораст на дневниот планински туризам.

Како силни страни на структурата на локалната економија можат да се нагласатЧ

- Прилично голем број на регистрирани правни лица – чинителни на економскиот развој  според бројот на жители во рурална општина
- Расположливи природни ресурси за развој (земјоделски површинни,шуми , пасишта, воден потенцијал, високи планински врвови)
- Можност за создавање на уникатни производи (афирмација на квалитетен ориз, овчко сирење, компир, кварц, глина за керамиди и блокови, високи планински врвови, развој на спелеолошки истражување на пештерата на река Бабуна, како и високи планински врвови,

Во рамките на локалниот економски развој, Акватерм инженеринг се истакнува како водечка компанија во продажбата на водоводни производи, греење и соларни системи. Компанијата нуди широк спектар на производи и услуги, обезбедувајќи техничка експертиза и поддршка за своите клиенти.

Во последните 2-3 години, секторот за обновливи извори на енергија, особено соларните системи, бележи значителен раст. Ова е резултат на зголемената свест за заштита на животната средина и поддршката од државата за инвестиции во зелени технологии.

Табела 2.  Локална економска структура

| *Вид на економска активност* | *Број и % на компании (според класификација)* | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ***Микро*** | ***Мали*** | ***Средни*** | ***Големи*** |
| *Индустриско производство* | | | 1* | |
| *Земјоделство* | 17 | | | |
| *Сточарство, живинарство* | 4 | | | |
| *Преработувачка индустрија* | 5 | | | |
| *Трговија* | 43 | | | |
| *Бизнис услуги (обука, консалтинг, истражување на пазар, реклама, издавачка дејност, односи со јавноста (PR)* | / | | | |
| *Финансиски услуги* | | | | |
| *Медицински услуги* | 11 | | | |
| *Правни услуги (нотари, адвокати)* | | | | |
| *Услуги за населението (фризерници, перални, поправка на автомобили, други сервиси, итн.)* | 4 | | | |
| *Ресторани, кафулиња, барови итн.* | 6 | | | |
| *Хотели, хостели, итн.* | 1 | | | |
| *ИТ услуги* | 2 | | | |
| *Транспорт* | 12 | | | |
| *Градежништво* | 7 | | | |
| *Комуникациски услуги* | 2 | | | |
| *Креативни услуги (дизајн, фотографија, видеографија, веб дизајн, социјални медиуми, настани)* | 2 | | | |
| *Управување со отпад* | 1 | | | |
| *Туризам* | / | | | |
| *Културно наследство* | / | | | |
| *Спортски клубови* | 16 | | | |
| *Здруженија на граѓани* | 18 | | | |
| *Образование* | 6 | | | |
| *Верски, политички организации* | 6 | | | |
| *Експлоатација на минерални суровини* | 2 | | | |
| *Итн.* | 33 | | | |

Извор: Општина Чашка

## 5.2 Локална соработка и вмрежување

Локалната соработка и вмрежување играат клучна улога во развојот на општината, особено во контекст на релацијата помеѓу градоначалникот и бизнис секторот. Средбите на градоначалникот со претставниците на бизнис секторот создаваат платформа за директен дијалог и размена на идеи, што е од големо значење за развојот на локалната економија. Достапната администрација во мала општина, како и проактивниот пристап на локалните власти, овозможуваат бизнисите да се чувствуваат поддржани и да добијат информации и ресурси кои им се потребни за нивно успешно функционирање.

Воспоставувањето на директна комуникација помеѓу општината и бизнис секторот, како и со државните институции, дополнително ја зајакнува соработката. Овој тип на комуникација овозможува размена на информации и ресурси, а истовремено ги поедноставува административните процеси, што е особено важно за малите и средни претпријатија.

Една од најзначајните форми на соработка е Локалната Акциска Група (ЛАГ) Вардар Градско, во кој покрај Општина Чашка, членуваат и претставници на Опшина Велес, Опшина Градско, Здруженија на граѓани, бизнис секторот. Здружението спроведува проекти во интерес на локалната заедница и создавање на економска развојна клима

Покрај ЛАГот, активно е и здружението на земјоделци Агро Центар, во кое соработуваат земјоделци од општините Чашка, Велес и  Градско. Во рамките на нивните активности се спроведуваат едукации, подготува проектни апликации за ИПАРД и програмаата за Рурален Развој.

Со Центарот за развој на Вардарскиот плански регион, општината има редовна соработка, најчесто преку учество изработка на Програмата за развој на планскиот регион и преку учество во проекти за надминување на диспаритетите во регионот.

Сепак, сеуште концептот на меѓусебна соработка не е доволно развиен од страна на малите претпријатија и за подобрување на состојбата неопходно е да се развијат дополнителни механизми на соработка, макар и на неформално ниво. За таа цел едно од моните полиња на дејствување на општината е организирање на редовни настани за вмрежување, работилници и форуми, со цел да се охрабрат претприемачите да се поврзат и да создадат силна заедница на поддршка.

На крајот, подобрувањето на локалната соработка и вмрежување ќе резултира во создавање на посилна економска основа за општината, поттикнувајќи иновации и развој, што ќе придонесе за подобрување на животниот стандард на жителите.

## 5.3 Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција

Создавањето поволно бизнис опкружување е од суштинско значење за развојот на локалната економија. Ефективната администрација и транспарентноста во работењето на институциите играат клучна улога во поттикнувањето на инвестициите и зајакнувањето на довербата меѓу бизнисите и јавните органи.

Општинската администрација е транспарентна, достапна и релативно ефикасна, што подразбира кратки и транспарентни административни процеси, со цел да се олесни работењето на компаниите.

Во однос на деловното опшружување, позитивен аспект е постоењето на агенција за развој на земоделството РЕ Велес, која располага  со стручни лица. Сепак очигледен е недостатокот на стучни лица од областа на градежно-урбанистичка област .

Сред мислењето на претставници од приватниот сектор, други предизвици за кои е потребна поддршка на бизнисот се непостоење на урбанистички планови, несреден правен статус на расположливиот имот на значителен дел од населението, како и недостаток на политичка воља за изработка на урбанистички планови и несоодветно пополнување на работните места во институциите АПРЗ-РЕ Велес и општината.

Исто така како слаба страна се истакнува и ненамвременото споделување на исклучитено корисни информации за развој и искористување на ИПАРД фондовите во земјоделството и туризмот, недоволен број на човечки ресурси кои би биле во функција на локалниот економски и рурален  развој во општината како и недостаток на стручност кај вработенит во фирмите. Покрај тоа недостасуваат и стандардизирани барања за споделување на информациите со кои располага на општината и / информации на веб страна на општина Чашка

Во општината недостасуваат  информации за различни можности за финансирање, кредитирање и грантови, кои се клучни за растот на локалните компании. Информациите за организации кои нудат стручна помош во изготвувањето на апликации за грантови се од големо значење, особено за мали и средни претпријатија кои можеби немаат искуство во овој процес. Поддршката од локалната самоуправа во оваа област е неопходна за успешно навигација низ административните процедури.

Секторот земјоделство, сточарство и рурален туризам се  соочува со недостаток на човечки ресурски кои навремено ќе може да одговорат на административните процедури за секојдневното работење. Потребни им се услуги од типот на книговоствени работи, обезбедување на земјиште под закуп од државата, продолжување на договори и сл.,  како и за подготвување на апликации за обезбедување на финансиски средтсва како заем или грант.

Локалната самоуправа не обезбедува доволно информации за националните програми за финансирање во земјоделството и руралниот развој, кои нудат ресурси за поддршка на одржливи практики и иновации во овој сектор. Поврзувањето со организации кои даваат стручна помош за изготвување на апликации за овие програми е дополнителен начин за зајакнување на локалниот економски развој.

Иако локалната самоуправа има важна улога во поддршката на бизнис секторот, недостатокот на канцеларии на државните институции во општината претставува значаен предизвик. Институции како што се Агенцијата за вработување, Агенцијата за финансии и даночните органи треба да бидат достапни за локалните бизниси, за да се обезбеди ефикасно решавање на проблемите и прашањата.

Во однос на кадровската екипираност на општината, недостатокот на соодветно обучен и квалификуван персонал може да создаде пречки во реализацијата на овие цели. Поради тоа потребно е да се инвестира во обука и развој на кадарот, за да се подобри квалитетот на услугите што се нудат на бизнис секторот.

Создавањето на транспарентно и ефикасно бизнис опкружување, без корупција, е клучен услов за развој на локалната економија и поддршка на бизнис секторот во општина Чашка. Интеграцијата на сите овие аспекти ќе помогне во создавањето на поволна клима за инвестиции и иновации, што е основа за одржлив развој и економска благосостојба.

## 5.4 Пристап до финансии

Пристапот до финансии е од клучно значење за развојот на бизнис секторот во општина Чашка. Една од значајните предности во ова поле е што постојат кредити, заеми и грантови достапни преку банки и други финансиски институции. Овие опции за финансирање им овозможуваат на локалните компании да ја поддржат својата експанзија и да инвестираат во нови технологии и иновации. Достапноста на финансиски средства одразува позитивен аспект на економската клима во општината и поттикнува иницијативи за развој на различни сектори. Дополнително, постоењето на национални програми за поддршка во земјоделството и руралниот развој е уште еден фактор кој ги охрабрува земјоделците и претприемачите во овој сектор. Овие програми нудат финансиски средства и ресурси за модернизација на земјоделските практики и за одржлив развој на руралните области, што е клучно за напредокот на локалната економија.

На пример АФПРРЗ (Агенција за финансиска подршка во рурален развој и земјоделството), обезбедува средства за физички и правни лица, наменети за секторите земјоделство, сточарство и аквакултура, во висина од над 20. 000 еур.

Друг потенцијален извор на финансирање се Агенција за вработување на СРМ, како и програмата ИПАРД, за која неостасуваат вештини за приготвување на апликации.

Меѓутоа, постојат и значителни предизвици. Најголемиот недостаток е недоволната информираност на фирмите за можностите за финансирање или кредитирање. Без соодветни информации и ресурси, многу локални бизниси не успеваат да ги искористат достапните финансиски опции, што ги ограничува нивните можности за раст и развој. Недостатокот на информациски кампањи и поддршка од страна на општината во делот на образованието за финансии може да доведе до недоверба и непостигнување на оптимални резултати.

Според претставниците на приватниот сектор, услови за добивање на средства се неповолни, најмногу поради високи каматни стапки за долгорочни кредити

Дополнително, не постојат експозитури на ниту една деловна банка или кредитна институција во општината, што претставува сериозна пречка за претприемачите. Овој недостаток значи дека компаниите се принудени да патуваат до општина Велес за да добијат финансиски услуги, што дополнително го комплицира процесот на добивање на потребните средства. Во општина Велес се присутно НЛБ Тутунска банка, АД Стопанска банка, Хоризонти, Комерцијална Банка, ХАЛК Банка  кои нудат комерцијални кредити за физички и правни лица, за кои од обезбедување најчесто се бараат хипотека на недвижен имот или жиранти доколку бараната сума е помала.

За да се подобри пристапот до финансии, општината треба да работи на подобрување на информираноста на бизнисите за достапните финансиски опции. Ова може да вклучува организирање информативни работилници, објавување на информации на веб-страници и социјални мрежи, како и соработка со финансиски институции за обезбедување на поддршка и обука за локалните претприемачи.

## 5.5 Земјиште и инфраструктура

Обезбедувањето на градежно земјиште и инфраструктура е еден од важните вактори за подобрување на деловното опкружување во општина Чашка. Овој план за ЛЕР настојува да ги искористи силните страни на општината и да се справи со слабостите, со цел да се создадат поволни услови за економски раст и развој.

Општината поседува значителни предности, вклучувајќи ниски трошоци за уредување на градежно земјиште (комуналии). Исто така во општината постои лесен пристап до земјоделско обработливо земјиште, како и до потребната опрема и механизација.

Сепак ошѓтина Чашка се соошува со повеќе предизвици. На пример присутни се чести злоупотреби на доделеното земјоделско земјиште, кое се доделува на лица кои не се земјоделски производители. Дополнително недостасува поширока покриеност со урбанистичко планска документација. Исто така постојат и нелегализирани и невпишани објекти во сопственост на општината, вклучувајќи училишта, месни заедници, игралишта и инфраструктурни објекти. Оваа ситуација создава правни и административни пречки за развојот на нови проекти и за привлечноста на инвестициите.

Дополнително, општината има недоволни финансиски средства за изготвување на урбанистички проекти за парцелација на земјиштето. Без соодветни финансии, невозможно е да се изработат неопходните урбанистички планови, што значително ги ограничува можностите за развој и зголемување на инвестициите.

За да се подобри пристапот до градежно земјиште и инфраструктура општината треба да работи на решавање на постојните слабости. Ова вклучува легализација на објектите во сопственост на општината, обезбедување на финансиски средства за урбанистички проекти и инвестирање во инфраструктурни подобрувања. Со интегрирање на овие аспекти во

стратегијата за локален развој, општина Чашка ќе може да ја зајакне својата економска база и да привлече нови инвестиции, создавајќи одржлив раст и развој за своите граѓани.

## 5.6 Регулаторна и институционална рамка

Во однос на регулаторната и институционалната рамка една од главните слабости на општина Чашка се сложените процедуи за планирање на просторот и обениата документација потребна за дозвола за градење, за кои главни инволвирани институции се Министерство за животна средина и просторно планирање и Министерство за транспорт и врски. Оваа состојба создава дополнителен притисок на инвеститорите и бизнисите, кои често се соочуваат со сложени процедури што бараат многу време и ресурси. Како резултат на ова, некои проекти за градење се одложуваат или откажуваат, што ја ограничува можноста за развој на локалната економија.

Дополнително, долготрајната и комплексна процедура за изработка на урбанистички проекти и планови создава пречки за планирање и имплементација на важни инфраструктурни иницијативи.

Исто така недостаток во оваа област претставува сложината процедура за добивање на земјоделско обработливо земјиште, под надлежност на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство. Можен начин за надминување на овој предизвок е при доделување на земјоделско обработливо земјиште неопходно да им се дава предност на правни и физички лица резиденти на Општина Чашка.

За да се подобри регулаторната рамка, неопходно е да се поедностават процедурите и да се зголеми координацијата помеѓу различните институции. Ова вклучува развивање на механизми за ефикасна комуникација помеѓу општината, институциите за планирање, градежните органи и другите релевантни органи. Со подобра координација, времето потребно за издавање на одобренија и реализирање на проекти може значително да се намали.

Постоењето на пропишани правила и процедури за сите постапки е од клучно значење за обезбедување на транспарентност и правичност во управувањето со постапките. Сепак, спроведувањето на овие правила честопати е недоволно. Институциите за спроведување на постапките, како што се агенциите за планирање и градежните инспекции, треба да бидат соодветно екипирани и обучени за да можат ефикасно да ги спроведуваат своите обврски. Без соодветно обучен персонал, институциите не можат да ги исполнат своите функции, што создава пречки и забавувањето на процедурите.

Затоа, за да се подобри регулаторната и институционалната рамка, општина Чашка треба да инвестира во поедноставување на процедурите, подобрување на координацијата помеѓу институциите и зајакнување на капацитетите на персоналот. Овие мерки не само што ќе ја подобрат ефикасноста на постапките за издавање одобренија за градење и урбанистички планови, туку и ќе ја поттикнат економската активност и развојот во општината, создавајќи поволна клима за инвестирање и раст на локалната економија.

## 5.7 Вештини, човечки ресурси, инклузивност

Во општина Чашка постои традиција, познавања и вештини од областа на земјоделството и сточарството, што претставува основа за развој на локалната економија.

Дополнително, постојат национални програми за финансиски средства за поддршка и развој, како и обуки кои се насочени кон подобрување на вештините на работната сила. Овие програми можат да помогнат во развојот на конкретни вештини, а исто така да ги поттикнат жителите да се вклучат во различни економски активности. Таквата поддршка е клучна за зголемување на конкурентноста на локалните производители и развој на нови индустрии.

Сепак, за да се искористат овие потенцијали, неопходно е да се адресираат и некои постоечки предизвици.

На пример, како и најголем дел од другите општини во земјата, општина Чашка се соочува со значителен предизвик во форма на недоволно квалификувана работна сила. Иако постои потенцијал за развој, многу од жителите не поседуваат потребни вештини или обука за да ги искористат можностите кои им се нудат. Ова може да доведе до недостаток на работна сила во клучните сектори и ограничување на способноста на општината да привлече нови инвестиции.

За да се реши овој проблем, неопходно е да се спроведат програми за обука и преквалификација на работната сила. Ова може да вклучува соработка со образовни институции, невладини организации и бизнис асоцијации за развој на специјализирани обуки кои ќе одговараат на потребите на локалниот пазар на труд. Со фокусирање на вештини кои се бараат во земјоделството, сточарството, па и туризмот, за кој има одлични предуслови, општината може да ја зајакне конкурентноста на своите жители.

Понатаму, едукацијата за инклузивност и социјална правда е од клучно значење. Општина Чашка треба да обезбеди сите жители, вклучително и оние од маргинализирани групи, да имаат пристап до обуки и ресурси. Создавањето инклузивни програми за развој на вештини ќе придонесе за повисока општествена интеграција и ќе поттикне економска активност на сите нивоа.

## 5.8 Надворешно позиционирање и маркетинг

Општина Чашка за посетителите важи за општина која изобилува со приодни ресурси (пасишта, шуми, води, земјоделско земјиште и сл.), кои претставуваат конкурентска предност во однос на привлекување на туристи, особено од областа на активниот, планински туризам.

Локацијата на општината е исто така значајна. Со добра географска позиција во однос на главниот град Скопје и клучни државни и меѓународни инфраструктурни објекти, како што се аеродромот и автопатот  оваа локација е атрактивна за инвестирање во област ана туризмот туризам, што може да ја зголеми видливоста на општината и да привлекува нови инвестиции.

Малите локални такси и даноци исто така претставуваат значителна предност, што ја прави општината привлечна за потенцијални инвеститори и нови жители кои бараат финансиски поволни услови.

Сепак, општина Чашка се соочува со неколку предизвици во однос на своето надворешно позиционирање.

Недоволната промоција и маркетинг на културното и природното наследство на општината значи дека многу потенцијални посетители и инвеститори не се свесни за нејзините предности.

Дополнително, недоволно развиената внатрешна комунална инфраструктура, вклучувајќи водовод, канализација, патишта, паркови и осветлување, ја ограничува способноста на општината да ги задоволи потребите на своите жители и потенцијалните инвеститори. Од страна на локалните жители, општината е перципирана како општина со незадоволително организиран јавен превоз и покриеност со примарна здравствена заштита. Подобрувањето на овие инфраструктурни услови е клучно за зголемување на атрактивноста на општината.

За да се подобри позиционирањето на општина Чашка, потребно е да се спроведат комплексни маркетинг стратегии кои ќе ги истакнат силните страни на општината. Ова може да вклучува организирање на настани, фестивали и изложби кои ќе ги промовираат природните ресурси, како и соработка со туристички агенции за развој на пакети за посети.

Дополнително, општината треба да работи на подобрување на инфраструктурата и да создаде поволни услови за инвестирање во туризам. Со привлекување на инвестиции во овие области, општина Чашка има можност да стане препознатливо место за одмор и развој, што дополнително ќе ја зајакне економската основа на општината. Со активна промоција на нејзините културни и природни ресурси, подобрување на инфраструктурата и создавање на поволни услови за инвестиции, општината може да привлече нови жители и инвеститори, што ќе доведе до одржлив економски развој.

# 6. SWOT Анализа

СВОТ анализа е метод на стратешко планирање, кој се користи за проценка на предностите, слабостите, можностите и заканите, вклучени во некој проект или бизнис потфат во даден временски момент. Тоа вклучува идентификување на внатрешни или надворешни фактори, поволни или неповолни , за да се постигне целта.

| Силни страни | Слаби Страни |
| --- | --- |
| ▪ Расположливи ресурси за развој на земјоделско производсво (здрава храна) немање на индустриски капацитет на територија на | ▪ Засилена миграција село-град<br>▪ Недостаток на квалификувана работна сила (земјодеслство и сточарство) |

| | |
|---|---|
| Општина Чашка (ориз, јагне, сирење, мед, пастрмка)<br>▪ Расположливи ресусрси за развој на планински, рурален и спелеолошки туризам (Јакупица,Караџица, Бегово Поле,Солунска Глава,Лисец, Иванов врв, село Горно Врановци , можност за развој на историски туризам-печатница на Нова Македонија, АСНОМ; Партизанската болница, пештерата на река Бабуна ,Изворите на река Бабуна, манастир село Ореше, село Теово, Богомила,приказната за Богомилите и архитектурата, Музеј на Петар  Поп Арсов и Етнолошки музеј село Богомила<br>▪ Расположливи пасишта за развој на сточарство<br>▪ Врвот  Солунска Глава со 2539м е еден од најпрепознатливите и најатрактивните врвови за планинарите од целата земја.<br>▪ Географскиот центар на Република Северна Македонија, е во општина Чашка - месноста на Длабок дол, во близина на селотот Долно Врановци<br>▪ Застапени се повеќе видови на дивеч: зајак, волк, лисица, дива свиња, срна, мечка, куна и други<br>▪ Постои одгледувалиште на диви животни во Населба Оморани<br>▪ Изобилство со ниски термофилни шуми од бел габер, дабов регион,буков регион и регион на високо планиснки пасишта.Шумите на борот кривуј на планинскиот масив на Јакупица се научно-истражувани природни резервати<br>▪ Богати лежишта на неметални, минерални ресурси (момирок, кварц, бел и сив мермер, песок, глина) | ▪ Непокриеност на територијата на општина Чашка со јавен превоз<br>▪ Недоволна покриеност со урбанистичко планска документација на населените места во општината<br>▪ Слаби капацитети на општината за воспоставување на одржлив економски развој базиран на локални ресурси<br>▪ Нецелосно решена комунална инфраструктура (не се сите населени места покриени со водоводна, канализациона и др.инфраструктура)<br>▪ Недоволна инфромираност за можностите за развој на бизнисите<br>▪ Недоволно развиен претприемнички дух кај младите |

| | |
|---|---|
| ▪ Изобилство со украсни камења - мермер во околината на Нежилово, гранитни стени кои се одликуваат со убави бои и одлични физичко- механички својства, како и гнајсевите од кои може да се добијат блокови за производтсво на плочки<br>▪ Утврдени резерви на енергетски суровини - јаглен<br>▪ Одлични климатски услови - Село Јасеново- воздушна бања, каде е изграден болнички комплекс за лекување на белодробни заболувања.<br>▪ Изобилство со печурки и шумски плодови.<br>▪ Сместувачки и угостителски објекти – Нежилово, Оморани, итн. ,<br>▪ Музеј Петар Поп Арсов Богомила, Етнолошка поставка на предмети од АЗОТ во село Богомила<br>▪ Спомен куќа на Коле Неделковски, село Војница<br>▪ Традиција во производство на земјоделски производи и сточарство | |
| Можности<br><br>▪ Препознатливост од страна на домашни и странски посетители, посебно во областа на активен, планински туризам<br>▪ Евттини, субвенционирани летови од страна на владата кои ја доближуваат општината до потенцијалните посетители.<br>▪ Постоење на ИПА фондови и национални програми за земјоделство и рурален развој (Можност е нивното постоење, а искористувањето зависи од вас и тоа е потенцијална активност) | **Закани**<br><br>▪ Климатките промени<br>▪ Некомплетна децентрализација која резултира со големи обврски на локалната самоуправа и мали или никакви бенефити (распределување на земјоделско земјиште, искористување на шумски фонд, искористување на минерални суровини, искористување на воден потенцијал)<br>▪ Тенденцијата на миграција на државно ниво, иселување на младите од државата |

| | |
|---|---|
| ▪ Растечки тренд на заинтересираност за активен, културно историски туризам<br>▪ Постоење на меѓународни организации, кои го поддржуваат локалниот економски развој | ▪ Нефункционалност на дел од дравни институции или недоволно дефинирани надлежности (на пример во слиучај на пожар, тешко е да се дефинира одговорноста на институциите за реагирање)<br>▪ Недоволно развиена свест за заштита на природното богатство на ниво на држава |

## 7. Визија и стратешки цели

*Општина Чашка е препознатлива по својот одржлив економски развој, со фокус на производство на здрава храна, планински-рурален туризам и заштита на животната средина*

### *Стратешки цели:*

- СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1
  Развој на земјоделско производство
- СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2
  Развој на планински-рурален туризам
- СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3
  Заштита на животната средина

# 8. Акциски план

Акцискиот план е еден од најважните елементи на Планот за локален економски развој и ги претставува единствените тактики што општинските засегнати страни заеднички ги избираат со цел да ги постигнат поставените Цели.

За остварување на трите стратешки цели на општината, идентификувани се бројни активности, кои се групираат според стратешките цели и следниве основни структурни елементи или таканаречени градежни блокови:

- Локална соработка и вмрежување
- Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција
- Пристап до финансии
- Земјиште и инфраструктура
- Регулаторна и институционална рамка
- Вештини, човечки ресурси, инклузивност
- Надворешно позиционирање и маркетинг

Детален приказ на активностите е прикажан во табела 3

**Табела 3 : Акциски план**

| *Градежни блокови* | *Клучни (стратешки) цели* | *Активности/проектни идеи* | *Времетраење (почеток /крај)* | *Вклучени партнери* | *Предвидени трошоци* | *Резултати (директни (outputs))* | *Мониторинг индикатори* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 Бизнис опкружување<br><br>2.Пристап до финансии<br><br>3.Земјиште инфраструктура | Развој на одржливо земјоделство | Воспоставување на меесечна информативна средба на градоначалникот со чинителите на локалната економија на Општина Чашка | 2025-2028 | Здруженија на земјоделци , индивидуални земјоделци и други заинтресирани поединци | | Разменети информации, донесени заклучоци, о Отпочнати иницијативи, зголемена доверба | Број на средби Број на учесници на средбите |
| | | Обезбедување на стучно лице за подршка при подгоовка на апликации за грантови | 2025-2028 | Општинска администрација и сите чинителни на локалната економија | | Подготвени апликации за грантови од обласа на земјоделство | Број на подготвени апликации |
| | | Редизајнирање на WEB страна на Општина Чашка, со посебно поглавје пристап до финансии (Објава на јавни повици за ИПАРД, програма за рурален развој , програма од МЗШВ). заеми и грантови) | 2025 | Општинска администрација | | Зголемена информираност за можностите за финансирање | Број на посети Број на објави |
| | | Издавање на прирачник за водење на постапки за градење на зејоделско и гадежно земјиште наменето за потенцијалните градители | Октомври – декември 2025гоина | Општинска администрација | 3000 ден | Зголемена информираност за постапките за градење на земјоделско земјиште | Издаден приачник за водење постапка за градење на зејоделско и гадежно земјиште |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | Број на спроведени постапки |
| | | Ослободување од комунална такса за период од 3 години од регистрирано трговско друштво | 2025-2028 | Градоначалник Совет на Општиа Чашка и општинска администрација | | Подобрена деловна клима и создадени подобри услови за инвестирање | Број на регистрани трговски друштва Број на ослободени фирмарини |
| 1. Бизнис опкружување<br>2. Земјиште и инфраструктура<br>3. Надворешно позиционирање и маркетинг | Развој на планинкиот туризам | Одбележување и одржување на планинарски патеки | | Градоначалник Совет на Општиа Чашка, локални планинарски друштва | 200000 | Зајакната туристичка понуда, создавање на инфраструктура погодна за развој на планинскиот туризам | Број на пробини планинарски патеки Должина на пробиените патеки Број на поставени знаци/табли |
| | | Воведување на субвенциониран автобуски линиски превоз Велес-с.Горно Врановци с | 2024-2027 | Градоначалник Совет на Општиа Чашка | 300000 ден | Подобрен пристап до локалните туристички атракции | Број на воведени линии Број на корисници на субвенционираните автобуски линии (превезени патници) |
| | | Субвенциониран превоз по доложина на патните правци Велс-Богомила и Велес-с.Владиловци | 2024-2029 | Градоначалник Совет на Општиа Чашка | 400000 ден | Подобрен пристап до локалните туристички атракции | Број на субвенционирани линии Број на превезени патници |
| | | Изработка на студија за валоризација и друга документација за прогласување на споменични целини на с.Папрадиште, с.Нежилово | 2024-2029 | Градоначалник Совет на Општиа Чашка, општинск администрација и планинарски друштва | 1500000ден. | Создадени подобри услови за развој на планинскиот туризам | Изработена студија Број на заштитени спомнички целини |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Организирањена традиционални планинарски тури до : Солунска Глаав, Иванов врв, Муксо, Орешка чука, Плавник | 2024-2029 | Градоначалник Совет на Општиа Чашка, општинск администрација и планинарски друштва | 250000ден. | Зголемена промоција на потенцијалите за планинскиот туризам, зголемени приходи од продажба на локални производи | Одржани планинарски тури Број на учесници по планинарска тура |
| | | Изработка на студија за валоризација и друга документација за прогласување на спчоменични целини на мост над река Тополка во с.Лисиче | 2025 | Градоначалник Совет на Општиа Чашка, општинск администрација и планинарски друштва | 150000 | Создадени подобри услови за развој на планинскиот туризам | Изработена студија |
| | | Изработка на конзерваторски елаборат за заштита на  на  мост над река Тополка  во с.Лисиче | 2026 | Градоначалник Совет на Општиа Чашка, општинск администрација и Министерство за култура | 50000 ден | Мостот над река Тополка во с.Лисиче заштитен како спомнична целина | Изработен конзерваторски елаборат за заштита на мостот на р.Тополка во с.Лисиче |
| | | Изработка на студија за ревалоризација н изворите на река Бабуна | | | 600000 ден | Создавање на подобри услови за развој на планинскиот туризам | Изработена студија |
| | | Поромоција на туристичкиот капацитет на територијата на Општина Чашка(издавање на мапи, брошури и друг материјал) | 20242027 | | 500000 ден | Зголемена свесност за потенцијалите за планински туризам | Број на спроведени тв, радио и интернет кампањи |
| 1 Бизнис опкружување 9. Надворешно позиционира | Заштита на животната средина | Изработка на студија за ревалоризација н изворите на река Бабуна | 2025-2027 | Градоначалник Совет на Општиа Чашка,општинска администрација и МЖСПП | 700000 ден | Создадени подобри услови за развој на планинскиот туризам | Изработена студија за ревалоризација и заштита на изворите на река Бабуна како |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ње и маркетинг | | | | | | | спомник на природата<br><br>Заштитено подрачје како спомник на природата |
| | | Мапирање на природнит убавини и нивно публикување во пишана и електронска форма | 2025-2027 | Градоначалник Совет на Општиа Чашка,општинска администрација и МЖСПП | 1 000 000 | Создадени подобри услови за развој на планинскиот туризам и зголемена свесност за природните убавени и природните драгоцености на подрачјето | Број на мапирани локални атракции Број на публикации<br><br>Прогласување како споменик на природата на изворите на река Бабуна |
| | | Иницирање на постапка за прогласување на предлог националниот парк Јакупица | 2026 | Градоначалник Совет на Општиа Чашка,општинска администрација, МЖСПП и Собрание на РСМ. | 0 | Создадени подобри услови за развој на планинскиот туризам, зголемена атрактивност и свесност за природните убавени и природните драгоцености на подрачјето | Усвоена одлука за прогласување на националне парк Јакупица |

# 9. Шема на финансирање

Финансиски средства ќе бидат потребни за реализација на поголемиот дел од предвидените активности. Нивното финансирање ќе биде нешто со средства од Општина Чашка, но поголемиот дел со средства од соодветни институции во државата, фондови од странство, но и техничка помош од одредени организации. Општина Чашка ја подготви планираната финансиска шема за овие активности, прикажана во табелата подолу:

**Табела 4: Шема на финансирање**

| ***Активности*** | ***Предвидени трошоци*** | | ***Извори на финансирање*** | | | | ***Непокриени трошоци*** | ***Забелешки*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ***Национални програми*** | ***Локален буџет*** | ***Приватен сектор*** | ***Донатори*** | ***Други (наведете)*** | | |
| 1.1. Воспоставување на месечна информативна средба на градоначалникот со чинителите на локалната економија на Општина Чашка | 100.000,00 | | 100.000,00 | | | | | Предвидените трошоци се планирани како патни трошоци и организација на настаните |
| 1.2. Обезбедување на стучно лице за подршка при подгоовка на апликации за грантови | 240.000,00 | | 240.000,00 | | | | | Работите ќе ги врши стручно лице вработено во општината планираниот буџет е предвиден за обемот на работа надвор од секојдневните работни задачи. |
| 1.3 Редизајнирање на WEB страна на Општина Чашка, со посебно поглавје информации како до | 90.000,00 | | 90.000,00 | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| поуспешна земјоделска пракса Ова поуспешна земјоделска пракса, ако може малку да се специфицира, што тоа значи и пристап до олеснето финансирање (поволни заеми и грантови) | | | | | | | | |
| 1.4. Издавање на прирачник за водење на постапки за градење на зејоделско и гадежно земјиште наменето за потенцијалните градители | 30.000,00 | | 30.000,00 | | | | | |
| 1.5.Ослободување од комунална такса за период од 3 години од регистрирано трговско друштво | / | | | | | | | |
| 2.1.Одбележување и одржување на планинарски патеки | 500.000,00 | 500.000,00 | | | | | | |
| 2.2.Воведување на субвенциониран автобуски линиски превоз Велес-с.Горно Врановци | 600.000,00 | | 600.000,00 | | | | | |
| 2.3. Субвенциониран превоз по доложина на патните правци Велс-Богомила и Велес-с.Владиловци | 600.000,00 | | 600.000,00 | | | | | |
| 2.4. Изработка на студија за валоризација и друга документација за прогласување на споменични целини на с.Папрадиште, с.Нежилово | 500.000,00 | 500,000,00 | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.5.Организирањена традиционални планинарски тури до : Солунска Глаав, Иванов врв, Муксо, Орешка чука, Плавник | 400.000,00 | | 200.000,00 | 200.000,00 | | | | |
| 2.6. Изработка на студија за валоризација и друга документација за прогласување на спчоменични целини на мост над река Тополка во с.Лисиче | 350.000,00 | 350.000,00 | | | | | | / |
| 2.7.Прогласување на спчоменични целини на мост над река Тополка во с.Лисиче Ова не ми е баш најјасно, што значи споменична целина | 0 | | | | | | | |
| 2.8..Поромоција на туристичкиот капацитет на територијата на Општина Чашка(издавање на мапи, брошури и друг материјал) | 500.000,00 | | 250.000,00 | 100.000,00 | 150.000 ,00 | | | |
| 3.1. Изработка на студија за ревалоризација н изворите на река Бабуна | 800.000,00 | | | | | | | Не е наведено од каде се предвидени овие средства |
| 3.2. Мапирање на природнит убавини и нивно публикување во пишана и електронска форма | 600.000,00 | 600.000,00 | | | | | | |
| 3.4 Иницирање на постапка за прогласување на предлог националниот парк Јакупица | 0 | | | | | | | |
| ***Вкупно*** | | | | | | | | |